

ИЗВЕШТАЈ

ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА: ПЕРЦЕПЦИИ И МИСЛЕЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ 2022-2025

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Институт за човекови права

ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА: ПЕРЦЕПЦИИ И МИСЛЕЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ 2022-2025

Издавач:
Институт за човекови права

Спроведувач на анкетата:
Здружение за рамноправен развој Решенија за Развој

Скопје, 2025 година

Публикацијава е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија. Нејзината содржина на ниту еден начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија.

СОДРЖИНА

ВОВЕД 4

МЕТОДОЛОГИЈА 5

ПРВ ДЕЛ: РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТА 2025 6
Пристап до правда 2025 6
Постапување на институции 2025 7
Помош од страна на службениците во институциите 2025 8
Искуство со правен проблем 2025 9
Пристап до правда по категории на граѓани 2025 11
Перцепција за дискриминација 2025 12

ВТОР ДЕЛ: СПОРЕДБА НА АНКЕТНИ РЕЗУЛТАТИ 2022–2025 15
Пристап до правда 2022–2025 15
Искуство со правен проблем 2022–2025 16
Пристап до правда по категории на граѓани 2022–2025 18
Перцепција за дискриминација 2022–2025 20

АНЕКС 1. ДОПОЛНИТЕЛНИ ТАБЕЛИ И ГРАФИКОНИ ОД АНКЕТА 2025 24

АНЕКС 2. ДОПОЛНИТЕЛНИ ТАБЕЛИ И ГРАФИКОНИ 2022–2025 28

ВОВЕД

Пристапот до правда претставува клучен показател за функционирањето на едно демократско општество и ефективноста на неговиот правен систем. Тој подразбира способност на граѓаните не само да ги познаваат своите права, туку и да имаат реална можност да ги остварат преку правни механизми и институции. Пристапот до правда зависи од достапноста на правна помош и застапување, ефикасноста на судовите и другите органи, недискриминацијата и еднаквиот третман на сите лица, како и од можноста за практично спроведување на донесените одлуки. Во контекст на Северна Македонија, анализа на пристапот до правда е особено важна за да се оцени дали законските рамки и институционалните практики овозможуваат граѓаните навремено и еднакво да ги остварат своите права, без разлика на нивната социјална, економска или етничка припадност.

Клучни елементи на пристапот до правда вклучуваат:

- Правна информација и знаење
- Правна помош и застапување:
- Ефективни институции
- Недискриминација и еднаквост
- Ефективно извршување на одлуките

Пристапот до правда подразбира дека граѓаните се информирани за своите права и обврски и имаат знаење како да ги остварат. Тоа вклучува и можност за користење на правна помош и застапување, било преку адвокати, правни совети или бесплатна помош. Клучно е институциите, како судовите и административните органи, да функционираат ефикасно и навремено, донесувајќи праведни одлуки по правните прашања. Пристапот до правда значи и недискриминација и еднаков третман, така што сите лица, без разлика на пол, етничка припадност, социјален статус или други фактори, имаат еднакви можности да ги користат правните механизми. И конечно, дури и кога ќе се донесе правна одлука, таа треба да може да се спроведе во практика, обезбедувајќи реална заштита на правата на граѓаните.

Со други зборови, пристап до правда значи дека законите не се само „на хартија“, туку дека граѓаните имаат реална можност да ги користат за да ги заштитат своите права.

Институтот за човекови права активно работи врз придонесот кон реформите во правосудството за обезбедување независен судски систем и полесен пристап до правда за сите граѓани, нуди бесплатна правна помош на граѓаните на кои им е најпотребна и активно работи на едукација за прашања поврзани со човековите права и со владеењето на правото.

Во рамки на програмата „Пристап до правда за сите“, финансирана од Европската Унија,

Институтот за човекови права активно работи на подобрување на пристапот до правдата за сите, особено за ранливите и маргинализирани групи граѓани во Северна Македонија. Специфичните цели на програмата се насочени кон олеснување на заштитата од дискриминација на маргинализираните групи преку обезбедување бесплатна правна помош, како и кон подигање на свеста и промовирање едукација за прашања поврзани со човековите права. Програмата се стреми кон подобрување на пристапот до правда за граѓаните преку следење на релевантните институции и спроведување анализи базирани на докази, истовремено залагајќи се за усвојување на соодветно законодавство и политики кои ја зајакнуваат заштитата на човековите права и владеењето на правото, во согласност со стандардите на Европската Унија. Дополнително, Институтот се посветува на зајакнување на своите капацитети за ефективно следење и застапување на политики, со цел постигнување поголема одговорност и компетентност во исполнувањето на својата мисија.

Во рамки на оваа програма, Институтот за човекови права спроведе две анкети за пристапот во Северна Македонија, една во 2022 година и една во 2025 година. Анкетите имаа за цел да ја испита информираноста, искуствата и перцепциите на граѓаните во однос на пристапот до правда, како и клучните пречки и предизвици со кои се соочуваат при остварување на своите права пред државните институции.

Овој извештај ги презентира резултатите од анкетата спроведена во есента 2025 година и прави компаративна анализа со наодите од 2022, со цел да се обезбеди јасна слика за пристапот до правда на подолг рок. Таква компаративна анализа овозможува мерење на напредокот, идентификување на предизвици, евалуација на ефективноста на реформите и открива промени во перцепцијата и искуството на граѓаните.

МЕТОДОЛОГИЈА

Анкетата спроведена во 2025 година користеше иста методологија како анкетата од 2022 година. Истата беше спроведена телефонски на 1.014 полнолетни лица, кои беа избрани на начин што ги претставува целокупното население. Анкетата се одржа во периодот од **20 септември до 5 октомври 2025 година**.

Во анализата се разгледуваше како различни фактори како пол, возраст, етничка припадност, образование и место на живеење (град или село) влијаат на перцепцијата на пристапот до правда на граѓаните.

Подетален опис на методолошките пристап е достапен на веб-страницата на Институтот за човекови права во публикацијата насловена „Извештај од анкетно истражување на тема пристап до правда 2025“.


ПРВ ДЕЛ: РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТА 2025

Пристап до правда 2025

Прашање 1. *На скала од 1-5 колку сметате дека еден граѓанин може да добие правда во нашата држава?*

Мнозинството од граѓаните во Северна Македонија не веруваат дека може да се добие правда во системот на институции во државата. Во одговор на ова прашање скоро 1/4 од граѓаните (23.7%) сметаат дека правда не може никогаш да се добие, 33.1% сметаат дека многу ретко може да се добие правда, а 26.3% сметаат дека правда се добива понекогаш. Помалку од 1/5 од граѓаните сметаат дека правда генерално може да се добие (12.9%) или дека може да се добие во најголем број на случаите (3.9%). Заклучокот е недвосмислен. Мнозинството од граѓаните не веруваат дека можат да добијат правда во Северна Македонија.

Одговорите на граѓаните беа споредени по неколку основни предиктори, како што се етничка припадност, возраст, приход на домаќинството, пол, возраст и степен на образование, но резултатите покажаа дека нема особена разлика во перцепцијата на овие категории на граѓани по однос на прашањето за можноста да се добие правда во Северна Македонија. **Заклучокот е дека граѓаните генерално имаат исто мислење за пристапот до правда**, без разлика на различните демографски карактеристики.




Граф 1. Пристап до правда (2025)

Постапување на институции 2025

Прашање 2. *На скала од 1 до 5, колку сметате дека институциите (судови, инспекторати, управни органи) постапуваат независно и непристрасно?*

Перцепциите на граѓаните се слични и во врска со ова. Околу 1/5 од граѓаните (21.6%) сметаат дека **институциите никогаш не постапуваат независно и непристрасно**, а дополнителни 32.7% (околу 1/3) сметаат дека **тоа може да се случи само по исклучок, односно многу ретко.** Уште 1/3 од граѓаните (29.6%) велат дека тоа е можно понекогаш, и уште 13.3% од граѓаните сметаат "генерално да, но не секогаш". Само 2.7% сметаат дека институциите постапуваат непристрасно во најголем број на случаи.

Одговорите на граѓаните споредени по неколку основни предиктори, како што се етничка припадност, возраст, приход на домаќинството, пол, возраст и степен на образование, покажаа дека нема особена разлика во перцепцијата на овие категории на граѓани. **Перцепцијата дека институциите не постапуваат објективно е заедничка за сите граѓани.**



Граф 2. Независно и непристрасно постапување на институциите (2025)


Помош од страна на службениците во институциите 2025

Прашање 3. *На скала од 1 до 5 колку сметате дека службениците во институциите доволно ви помагаат и ве информираат за вашите права и постапките?*

Скоро половина од граѓаните сметаат дека службениците во институциите не им помагаат никогаш (19%) или им помагаат многу ретко (26.7%). Околу 1/3 од граѓаните (34.2%) сметаат дека понекогаш можат да добијат помош од службениците, 14.4% дека генерално можат да добијат помош, а само 5.8% дека можат да добијат помош во најголемиот број на случаи.

Одговорите на граѓаните споредени по неколку основни предиктори покажуваат значајност по основ на возраст и на приход на домаќинството. Значајноста е извонредно силна. **Меѓутоа корелацијата е слаба и во двата случаи што значи дека возраста и приходот сосема малку влијаат на оваа перцепција на граѓаните.**

Во споредбата со возраст корелацијата е негативна, што значи дека младите луѓе се повеќе склони да сметаат дека службениците им помагаат. Во споредбата со приход е обратно; склоноста да се смета дека службениците помагаат расте како што расте приходот. Тоа всушност значи дека најсиромашните се најсклони да сметаат дека не добиваат помош од службениците. Повторно, важно е да се напомене дека корелацијата е слаба, што значи дека влијанието на овие фактори не е многу силно.




Граф 3. Улогата на службениците во институциите (2025)

Искуство со правен проблем 2025


Прашање 4: *Дали во последните 3 години сте имале одреден правен проблем на пример во граѓанско (имот, наследство, итн.), кривично, административно (социјална заштита итн.) право, или слично?*

Следната група на прашања во анкетата се однесува на директното искуство со одреден правен проблем во последните 3 години. **Вкупно 6.8% од граѓаните рекле дека имале одреден правен проблем во изминатите 3 години.**



Граф 4. Искуство со правен проблем во последните 3 години (2025)

Прашање 5: *Дали побаравте правна помош во врска со овој правен проблем?*



Граф 5. Користење правна помош (2025)


Од испитаниците кои одговориле дека имале одреден правен проблем во изминатите 3 години, околу ¼ рекле дека се обратиле до институција (23.5%), 44.1% рекле дека се обратиле до адвокат, и сосема мал дел (4.4%) рекле дека се обратиле до пријател правник или до здружение на граѓани за правна помош (1.5%).

Дури 22.1% рекле дека не побарале никаква помош за нивниот правен проблем.


Прашање 6: *Дали некогаш сте се откажале да барате правда поради тоа што постапките се предолги или прескапи?*

Ова прашање беше поставено на сите испитаници од кои скоро 1/3 (30.9%) рекле дека некогаш се откажале од барањето правда затоа што постапките им биле предолги или прескапи. Од останатите испитаници, малку повеќе од 1/3 рекле дека не се откажале (36%) и 1/3 рекле дека немаат искуство со вакви постапки (33.1%).

Одговорите на граѓаните на ова прашање беа споредени по приход на домаќинството, меѓутоа нема статистички значајна корелација. **Тоа значи дека приходот на домаќинството не се покажа како фактор поради кој граѓаните се откажале да барате правда затоа што постапките се предолги или прескапи.**



Граф 6. Должина и трошоци на постапките (2025)




Граф 7. Прашање 6 споредено по приход на домаќинството (2025)

Пристап до правда по категории на граѓани 2025

Прашање 7: *На скала од 1 до 5 колку одредени групи на граѓани можат да добијат правда во Северна Македонија?*

Анкетниот прашалник го опфати и прашањето за можноста на различните категории на граѓани да добијат правда. Конкретно испитаниците беа прашани колку сметаат дека одредени категории на граѓани можат да добијат правда. Категориите се: жени, деца, Роми, лица со различна сексуална ориентација, лица со попреченост и корисници на социјална помош и лица со ниски примања.

Според испитаниците, лица корисници на социјална помош и лица со ниски примања најтешко можат да добијат правда во државата.




Граф 8. Пристап до правда на различните категории на граѓани (2025)

Перцепција за дискриминација 2025

Прашање 8: *Колку сметате дека дискриминацијата е присутна во нашето општество?*

Следната група на прашања се фокусираше на дискриминацијата во Северна Македонија. **Мнозинството од граѓаните во државата сметаат дека дискриминацијата е присутна (30.3%) или многу присутна (27.5%).** Околу 1/4 од испитаниците сметаат дека дискриминацијата сосема малку е присутна (25.4%). Додека пак, на спротивниот дел од скалата, сосема мал дел сметаат дека дискриминацијата не е присутна (11.5%) или воопшто не е присутна (4.1%).

Одговорите беа дополнително споредени по клучните предиктори (пол, возраст, вид на населено место, етничка припадност, образование и приход на домаќинството), но резултатите покажаа дека нема особена разлика во перцепцијата на различните категории на граѓани.




Граф 9. Присуство на дискриминација (2025)

Прашање 9: *Причини за дискриминација*

Анкетата ги испитуваше и ставовите на граѓаните околу тоа кои се главните причини за дискриминација во државата. Испитаниците беа прашани да оценат на скала од еден до пет (1 = воопшто не, 2 = не, 3 = сосема ретко, 4 = често, 5 = најчесто) колку сметаат дека политичката припадност, етничката припадност причина за дискриминација, полот, верската припадност, попреченоста, сексуалната ориентација, личниот и семеен статус и возраста се причини за дискриминација во нашето општество.

Според испитаниците, политичката припадност е најчест основ за дискриминација. По неа следи етничката припадност, а потоа полот, верската припадност, попреченоста, сексуалната ориентација и личниот и семеен статус. Најретко според испитаниците се јавува дискриминација по основ на возраст.




Граф 10. Причини за дискриминација (2025)

Прашање 10: *На скала од 1 до 5 колку мислите дека ги познавате механизмите за заштита од дискриминација?*

Генерално, граѓаните малку ги познаваат механизмите за заштита од дискриминација. Само околу ¼ рекле дека ги познаваат (18.9%) или дека одлично ги познаваат (6.5%). Останатите рекле дека воопшто не ги познаваат (11.9%), не ги познаваат (30.9%) или сосема малку ги познаваат (31.8%).


Општиот заклучок е дека просечниот граѓанин во Северна Македонија многу малку ги познава механизмите за заштита од дискриминација.



Граф 11. Познавање на механизмите за заштита од дискриминација (2025)

Прашање 11: *Дали сте биле дискриминирани во изминатите 3 години?*

Последното прашање од оваа група се однесува на личното искуство на испитаниците со дискриминацијата. **Вкупно 13.3% од граѓаните рекле дека биле дискриминирани во изминатите 3 години.**



Граф 12. Лично искуство со дискриминација во изминатите 3 години (2025)


ВТОР ДЕЛ: СПОРЕДБА НА АНКЕТНИ РЕЗУЛТАТИ 2022–2025

Вториот дел од извештајот ги споредува клучните наоди од анкетата спроведена во 2022 година со резултатите од анкетата реализирана есента 2025 година. Споредбата се однесува само на прашањата кои беа идентични во двете анкети, со цел да се обезбеди методолошка усогласеност на анализата. Во анкетата од 2025 година беа вклучени и нови, дополнителни прашања за кои не беше можно да се направи споредба со податоците од 2022 година.

Пристап до правда 2022–2025

Прашање 1. *На скала од 1-5 колку сметате дека еден граѓанин може да добие правда во нашата држава?*

Споредувајќи ги резултатите од двете анкети, може да се забележи дека нема разлика во перцепцијата за пристап до правда, поточно **¼ или околу 25% од граѓаните смета дека добивањето на правда во Северна Македонија е невозможно.** Само еден мал процент од околу 3.7-3.9% сметаат дека може да се добие правда во најголем дел од случаите. Заклучокот е недвосмислен. **Мнозинството од граѓаните смета дека добивањето на правда во Северна Македонија е невозможно или е возможно само по исклучок. Со други зборови, огромното мнозинство од граѓаните изразува силна недоверба кон институциите на државата.**




Граф 13. Пристап до правда (2022-2025)

Искуство со правен проблем 2022–2025

Прашање 4: *Дали во последните 3 години сте имале одреден правен проблем на пример во граѓанско (имот, наследство, итн.), кривично, административно (социјална заштита итн.) право, или слично?*

Во однос на директното искуство со одреден правен проблем, **процентот на граѓани кои рекле дека имале одреден правен проблем во изминатите 3 години се намалил за 7.5%.**

Во 2025 година, вкупно 6.8% од граѓаните рекле дека имале одреден правен проблем во изминатите 3 години, додека **во 2022 година 14.3% од граѓаните** одговориле позитивно на ова прашање.



Граф 14. Искуство со правен проблем во последните 3 години (2022-2025)

Прашање 5: *Дали побаравте правна помош во врска со овој правен проблем?*

Најголемиот дел од испитаниците кои одговориле дека имале одреден правен проблем побарале некаков вид на помош и во 2022 и во 2025 година.

2022	2025
39.2% се обратиле до надлежната институција	23.5% се обратиле до надлежната институција
31.1% се обратиле до адвокат	44.1% се обратиле до адвокат
4.1% се обратиле до здружение на граѓани за правна помош	1.5% се обратиле до здружение на граѓани за правна помош
3.4% се обратиле до пријател правник	4.4% се обратиле до пријател правник


Таб 1. Користење правна помош (2022-2025)

Во 2025 година дури за 15.7% се намалил бројот на граѓани кои се обратиле до надлежната институција за правна помош и се намалил процентот на граѓани кои се обратиле до здружение на граѓани.

Од друга страна пак, се зголемил процентот на граѓани кои се обратиле до адвокат или до пријател правник.

Во 2025 година се има зголемено процентот на граѓани кои не побарале никаква правна помош за 7.9%. Во 2025 година, дури 22.1% рекле дека не побарале никаква помош за нивниот правен проблем, во споредба со 2022 година кога само 14.2% рекле не побарале никаква правна помош.

2022



2025



Граф 15. Користење правна помош (2022-2025)

Пристап до правда по категории на граѓани 2022–2025

Прашање 7: *На скала од 1 до 5 колку одредени групи на граѓани можат да добијат правда во Северна Македонија?*

Во однос на прашањето колку одредени групи на граѓани *(жени, деца, Роми, лица со различна сексуална ориентација, лица со попреченост и корисници на социјална помош и лица со ниски примања)* можат да добијат правда во нашата држава се забележуваат мали промени.

Според испитаниците во 2025, лица корисници на социјална помош и лица со ниски примања најтешко можат да добијат правда во државата. Додека пак, во 2022 година, граѓаните сметале дека лица со различна сексуална ориентација и лица корисници на социјална помош и лица со ниски примања најтешко можат да добијат правда во државата.


Во **2025** година испитаниците одговориле дека од овие групи на граѓани, жените најлесно можат да добијат правда, по нив следат децата, Ромите, лицата со различна сексуална ориентација и лицата со попреченост, а најтешко можат да добијат правда лица корисници на социјална помош и лица со ниски примања.

Во **2022** година пак, испитаниците исто така одговориле дека жените најлесно можат да добијат правда, а по нив децата и Ромите. Но во 2022 година, по Ромите се истакнати лицата со попреченост, па лица корисници на социјална помош и лица со ниски примања и на крај лицата со различна сексуална ориентација (но разликата помеѓу последните две категории е многу мала, скоро незначителна).


Резултатите во 2025 година генерално покажуваат попозитивен став кон можноста на овие категории на граѓани да добијат правда во нашата држава во споредба со резултатите од 2022 година. Она што може да се забележи е дека и во 2022 и во 2025 година испитаниците сметале дека жените, децата и Ромите полесно можат да добијат правда во споредба со останатите понудени категории.

Најголемата промена се гледа во однос на лицата со различна сексуална ориентација. Додека во 2022 година тие биле најниско рангирани, т.е. испитаниците одговориле дека најтешко можат да дојдат до правда, во 2025 година испитаниците одговориле дека лицата со различна сексуална ориентација можат да добијат правда полесно од лицата со попреченост и лицата корисници на социјална помош и лицата со ниски примања.

2022



2025




Граф 16. Пристап до правда на различните категории на граѓани (2022-2025)

Перцепција за дискриминација 2022–2025

Прашање 8: *Колку сметате дека дискриминацијата е присутна во нашето општество?*

Кај ова прашање се видливи одредени мали промени од 2022 до 2025. Процентот на граѓани кои сметаат дека дискриминацијата воопшто не е присутна (2022 = 2.6%, 2025 = 4.1%) или не е присутна (2022= 6.2%, 2025 = 11.5%) **пораснал** од 8.8% на 15.6%. Слична промена е видлива и на другиот крај на скалата каде што процентот на граѓани кои сметаат дека дискриминацијата е многу присутна **опаднал** од 35.4% во 2022 на 27.5% во 2025. **Заклучокот е дека граѓаните во 2025 се делумно повеќе склони да кажат дека во македонското општество може да се добие еднаков третман.**

Сепак оваа разлика треба да се толкува во контекст на целокупниот резултат, кој укажува дека **скоро 2/3 од граѓаните и во 2022 и во 2025 година сметаат дека дискриминацијата е присутна или многу присутна во нашето општество.**



Граф 17. Присуство на дискриминација (2022-2025)

Прашање 9: *Причини за дискриминација*

Во однос на перцепциите за причините за дискриминација, можат да се забележат мали разлики помеѓу резултатите во 2022 година и 2025 година. Испитаниците беа прашани да оценат на скала од еден до пет (1 = воопшто не, 2 = не, 3 = сосема ретко, 4 = често, 5 = најчесто) колку сметаат дека *политичката припадност, етничката припадност причина за дискриминација, полот, верската припадност, попреченоста, сексуалната ориентација, личниот и семеен статус и возраста* се причини за дискриминација во нашето општество.

Во 2022 година, според испитаниците, политичката припадност е најчест основ за дискриминација, додека потоа следат етничката припадност, попреченоста, сексуалната ориентација, личниот и семеен статус, верската припадност, полот и најретко врз основа на возраста.

Во 2025 пак, политичката припадност е повторно најчест основ за дискриминација, додека потоа следат етничката припадност, полот, верската припадност, попреченоста, сексуалната ориентација и личниот и семеен статус и најретко врз основа на возраста.

Во двете анкети, политичката причина и етничката припадност се јавуваат како најчести причина за дискриминација во нашето општество, а возраста како најретка причина.

Иако нема значителни разлики помеѓу резултатите од 2022 година и 2025 година, може да се забележат мали промени во однос на рангирањето на причините за дискриминација.

2022		2025		2022-2025
Основ	**Просечна оценка**	**Основ**	**Просечна оценка**	**Тренд**
1. Политичката припадност	3.79	**1. Политичката припадност**	3.76	Нема промена
2. Етничката припадност	3.25	**2. Етничката припадност**	3.27	Нема промена
3. Попреченоста	3.16	**3. Полот**	3.17	↑
4. Сексуалната ориентација	3.04	**4. Верската припадност**	3.17	↑
5. Личниот и семеен статус	2.99	**5. Попреченоста**	3.13	↑
6. Верската припадност	2.99	**6. Сексуалната ориентација**	3.02	↓
7. Полот	2.81	**7. Личниот и семеен статус**	2.99	↓
8. Возраста	2.72	**8. Возраста**	2.98	Нема промена

Таб 2. Причини за дискриминација (2022-2025)

Резултатите од анкетата покажуваат дека граѓаните се свесни за различните форми на дискриминација во општеството, но истовремено ја нагласуваат специфичната улога на политичката припадност како најчест фактор за нееднаков третман. Ова укажува дека покрај структурните и институционални предизвици кои ги засегаат ранливите групи, постојат и општествени динамики на партизација кои влијаат врз перцепцијата и искуството на дискриминација. Ваквите сознанија можат да послужат како основа за понатамошни анализи и развој на политики и програми кои ќе се насочат кон намалување на сите форми на дискриминација, со посебен акцент на ранливите групи, како и на создавање поширока култура на еднаквост и инклузивност.


Прашање 10: *На скала од 1 до 5 колку мислите дека ги познавате механизмите за заштита од дискриминација?*

Генерално, граѓаните малку ги познаваат механизмите за заштита од дискриминација.

Само околу ¼ рекле дека ги познаваат или дека одлично ги познаваат механизмите за заштита од дискриминација во 2022 (25.9%) и 2025 година (25.4%). Помалку од 10% (8.5% во 2022 и 6.5 во 2025) сметаат дека одлично ги познаваат.

Скоро 75% од граѓаните во 2022 и 2025 признаваат дека воопшто не ги познаваат, не ги познаваат или сосема малку ги познаваат механизмите за заштита од дискриминација. **Заклучокот е дека општото знаење за механизмите за заштита од дискриминација е релативно ниско и дека нема некоја особена промена во периодот 2022-2025.**

Недоволната информираност на граѓаните може значително да ја намали ефективноста на постојните механизми за заштита од дискриминација. Дури и кога законските и институционалните рамки се воспоставени, ако граѓаните не се свесни за своите права и можностите за жалба, тие не можат да ги искористат. Поради тоа, едукацијата и подигање на свеста за овие механизми, особено меѓу ранливите групи, се клучни за реално остварување на еднаквост и заштита од дискриминација.




Граф 18. Познавање на механизмите за заштита од дискриминација (2022-2025)


Прашање 11: *Дали сте биле дискриминирани во изминатите 3 години?*

Последното прашање се однесува на личното искуство на испитаниците со дискриминацијата.

Споредувајќи ги резултатите од двете анкети, може да се забележи дека нема разлика помеѓу одговорите во 2022 и 2025 година. Околу 13% од граѓаните рекле дека биле дискриминирани во изминатите 3 години.



2022



2025

Граф 19. Лично искуство со дискриминација во изминатите 3 години (2022-2025)

АНЕКС 1. ДОПОЛНИТЕЛНИ ТАБЕЛИ И ГРАФИКОНИ ОД АНКЕТА 2025

Таб 3. На скала од 1-5 колку сметате дека еден граѓанин може да добие правда во нашата држава?

		Број	Процент	Валиден процент	Кумулативен процент
	никогаш	209	20.6	23.7	23.7
	многу ретко	292	28.8	33.1	56.9
	понекогаш	232	22.9	26.3	83.2
	генерално може, но не секогаш	114	11.2	12.9	96.1
	во најголем број на случаи може	34	3.4	3.9	100.0
	Вкупно	881	86.9	100.0	
	не знам	11	1.1		
Ндс.	но	122	12.0		
	Вкупно	133	13.1		
Вкупно		1014	100.0		

Таб 4. На скала од 1 до 5, колку сметате дека институциите (судови, инспекторати, управни органи) постапуваат независно и непристрасно?

		Број	Процент	Валиден процент	Кумулативен процент
	никогаш	214	21.1	21.6	21.6
	многу ретко	324	32.0	32.7	54.3
	понекогаш	293	28.9	29.6	83.9
	генерално да но не секогаш	132	13.0	13.3	97.3
	во најголем број на случаи	27	2.7	2.7	100.0
	Вкупно	990	97.6	100.0	
	не знам	23	2.3		
Ндс.	но	1	.1		
	Вкупно	24	2.4		
Вкупно		1014	100.0		

Таб 5. На скала од 1 до 5 колку сметате дека службениците во институциите доволно ви помагаат и ве информираат за вашите права и постапките?

		Број	Процент	Валиден процент	Кумулативен процент
	никогаш	188	18.5	19.0	19.0
	многу ретко	264	26.0	26.7	45.7
	понекогаш	338	33.3	34.2	79.9
	генерално да но не секогаш	142	14.0	14.4	94.2
	во најголем број на случаи	57	5.6	5.8	100.0
	Вкупно	989	97.5	100.0	
	не знам	14	1.4		
Ндс.	но	11	1.1		
	Вкупно	25	2.5		
Вкупно		1014	100.0		

Таб 6. Дали во последните 3 години сте имале одреден правен проблем?

		Број	Процент	Валиден процент	Кумулативен процент
	да	68	6.7	6.8	6.8
	не	937	92.4	93.2	100.0
	Вкупно	1005	99.1	100.0	
	не знам	5	.5		
Ндс.	но	4	.4		
	Вкупно	9	.9		
Вкупно		1014	100.0		

Таб 7. Дали побаравте правна помош во врска со овој правен проблем?

		Број	Процент	Валиден процент	Кумулативен процент
	да, се обратив до надлежна институција	16	1.6	23.5	23.5
	да, со обратив од здружение на граѓани за правна помош	1	.1	1.5	25.0
	да, се обратив до адвокат	30	3.0	44.1	69.1
	да, се обратив кај пријател правник	3	.3	4.4	73.5
	не, не побарав помош	15	1.5	22.1	95.6
	друго	3	.3	4.4	100.0
	Вкупно	68	6.7	100.0	
Ндс.	Систем	946	93.3		
Вкупно		1014	100.0		

Таб 8. Дали некогаш сте се откажале да барате правда поради тоа што постапките се предолги или прескапи?

		Број	Процент	Валиден процент	Кумулативен процент
	да	307	30.3	30.9	30.9
	не	358	35.3	36.0	66.9
	немам искуство	329	32.4	33.1	100.0
	Вкупно	994	98.0	100.0	
	не знам	4	.4		
Ндс.	но	16	1.6		
	Вкупно	20	2.0		
Вкупно		1014	100.0		

Таб 9. Месечен приход на домаќинството * Дали некогаш сте се откажале да барате правда поради тоа што постапките се предолги или прескапи?

% по Месечен приход на домаќинството

		Дали некогаш сте се откажале да барате правда поради тоа што постапките се предолги или прескапи?			Вкупно
		да	не	немам искуство	
Месечен приход на домаќинството	<400 евра	37.5%	27.9%	34.6%	100.0%
	401-1000 евра	31.3%	31.3%	37.5%	100.0%
	1001-2000 евра	32.3%	30.3%	37.4%	100.0%
	2000+ евра	32.4%	37.8%	29.7%	100.0%
	но	25.6%	53.8%	20.6%	100.0%
Вкупно		30.9%	36.0%	33.1%	100.0%

Таб 10. На скала од 1 до 5 колку одредени групи на граѓани можат да добијат правда во Северна Македонија?

	Просек	Стд.дев
На скала од 1 до 5 колку можат жените да добијат правда во Северна Македонија?	3,08	1.23
На скала од 1 до 5 колку можат децата да добијат правда во Северна Македонија?	2,99	1.22
На скала од 1 до 5 колку можат Ромите да добијат правда во Северна Македонија?	2,98	1.37
На скала од 1 до 5 колку можат лицата со различна сексуална ориентација да добијат правда во Северна Македонија?	2,94	1.28
На скала од 1 до 5 колку можат лицата со попреченост да добијат правда во Северна Македонија?	2,73	1.28
На скала од 1 до 5 колку можат лица корисници на социјална помош и лица со ниски примања да добијат правда во Северна Македонија?	2,67	1.25

Таб 11. На скала од 1-5 колку сметате дека дискриминацијата е присутна во нашето општество?

		Број	Процент	Валиден процент	Кумулативен процент
	воопшто не е присутна	40	3.9	4.1	4.1
	не е присутна	111	10.9	11.5	15.6
	сосема малку е присутна	258	25.4	26.6	42.2
	присутна е	294	29.0	30.3	72.5
	многу е присутна	266	26.2	27.5	100.0
	Вкупно	969	95.6	100.0	
	не знам	39	3.8		
Ндс.	но	6	.6		
	Вкупно	45	4.4		
Вкупно		1014	100.0		

Таб 12. Причини за дискриминација

	Просек	Ст.дев.
На скала од 1 до 5 колку е политичката припадност причина за дискриминација?	3,76	1,20
На скала од 1 до 5 колку е етничката припадност причина за дискриминација?	3,27	1,33
На скала од 1 до 5 колку е полот причина за дискриминација?	3,17	1,30
На скала од 1 до 5 колку е верската припадност причина за дискриминација?	3,17	1,36
На скала од 1 до 5 колку е попреченоста причина за дискриминација?	3,13	1,25
На скала од 1 до 5 колку е сексуалната ориентација причина за дискриминација?	3,02	1,33
На скала од 1 до 5 колку е личниот и семеен статус причина за дискриминација?	2,99	1,26
На скала од 1 до 5 колку е возраста причина за дискриминација?	2,98	1,24

Таб 13. На скала од 1 до 5 колку мислите дека ги познавате механизмите за заштита од дискриминација?

		Број	Процент	Валиден процент	Кумулативен процент
	воопшто не	119	11.7	11.9	11.9
	не ги познавам	308	30.4	30.9	42.8
	сосема малку	317	31.3	31.8	74.5
	ги познавам	189	18.6	18.9	93.5
	одлично ги познавам	65	6.4	6.5	100.0
	Вкупно	998	98.4	100.0	
	не знам	7	.7		
Ндс.	но	9	.9		
	Вкупно	16	1.6		
Вкупно		1014	100.0		

Таб 14. Дали ви се случила дискриминација во изминатите 3 години?

		Број	Процент	Валиден процент	Кумулативен процент
	да	118	11.6	13.3	13.3
	не	770	75.9	86.7	100.0
	Вкупно	888	87.6	100.0	
	не знам	118	11.6		
Ндс.	Систем	8	.8		
	Вкупно	126	12.4		
Вкупно		1014	100.0		

АНЕКС 2. ДОПОЛНИТЕЛНИ ТАБЕЛИ И ГРАФИКОНИ 2022–2025

Таб 3. На скала од 1-5 колку сметате дека еден граѓанин може да добие правда во нашата држава?

		Број	Процент	Валиден процент	Кумулативен процент
	никогаш	209	20.6	23.7	23.7
	многу ретко	292	28.8	33.1	56.9
	понекогаш	232	22.9	26.3	83.2
	генерално може, но не секогаш	114	11.2	12.9	96.1
	во најголем број на случаи може	34	3.4	3.9	100.0
	Вкупно	881	86.9	100.0	
	не знам	11	1.1		
Ндс.	но	122	12.0		
	Вкупно	133	13.1		
Вкупно		1014	100.0		

Таб 4. На скала од 1 до 5, колку сметате дека институциите (судови, инспекторати, управни органи) постапуваат независно и непристрасно?

		Број	Процент	Валиден процент	Кумулативен процент
	никогаш	214	21.1	21.6	21.6
	многу ретко	324	32.0	32.7	54.3
	понекогаш	293	28.9	29.6	83.9
	генерално да но не секогаш	132	13.0	13.3	97.3
	во најголем број на случаи	27	2.7	2.7	100.0
	Вкупно	990	97.6	100.0	
	не знам	23	2.3		
Ндс.	но	1	.1		
	Вкупно	24	2.4		
Вкупно		1014	100.0		

Таб 5. На скала од 1 до 5 колку сметате дека службениците во институциите доволно ви помагаат и ве информираат за вашите права и постапките?

		Број	Процент	Валиден процент	Кумулативен процент
	никогаш	188	18.5	19.0	19.0
	многу ретко	264	26.0	26.7	45.7
	понекогаш	338	33.3	34.2	79.9
	генерално да но не секогаш	142	14.0	14.4	94.2
	во најголем број на случаи	57	5.6	5.8	100.0
	Вкупно	989	97.5	100.0	
	не знам	14	1.4		
Ндс.	но	11	1.1		
	Вкупно	25	2.5		
Вкупно		1014	100.0		

www.ihr.org.mk